УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
L'UNIVERSIT “ST CYRILLE ET METHODE” – SKOPJE

**ГОДИШНИК
НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ
„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**


| | | | |
|---|---|---|---|
| **ГОДИШНИК** | **ТОМ 47-48** | **СКОПЈЕ SKOPJE** | **2011-2012** |


**ANNUAIRE
DE LA FACULTÉ DE DROIT
“IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE**


**Уредник**:

Доц. д-р Ненад Марковиќ, Правен факултет „Јустинијан Први“,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Република Македонија

**Уредувачки одбор:**

Доц. д-р Зоран Илиевски (Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Република Македонија)
Доц. д-р Дејан Павловиќ (Факултет политичких наука, Универзитет во Белград, Република Србија)
Доц. д-р Ана Тодорчевска-Матан (Факултет политичких знаности, Универзитет во Загреб, Република Хрватска)
Асс. м-р Угљеша Јанковиќ (Факултет политичких наука, Универзитет во Подгорица, Република Црна Гора)
Асс. м-р Марко Кмезиќ (Центар за истражување на Југоисточна Европа, Универзитет во Грац, Република Австрија)

**Секретар и техничка обработка:**

Асс. д-р Драган Гоцевски



Правен факултет „Јустинијан Први“,
ул. „Гоце Делчев“ 9б 1000 Скопје, Република Македонија

Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, објавен по повод 18 години од основањето на политички студии

Печати: АКАДЕМСКИ ПЕЧАТ
Тираж: 200


УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ

# ГОДИШНИК
## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

## ANNUAIRE DE LA FACULTÉ DE DROIT “IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE

**Во чест на 18 години од основањето
на политички студии**

Скопје, 2013

**доц. д-р Дејан Донев**[1]

# НОВАТА ЕТИЧКА АКСИОЛОГИЈА ВО ПОЛИТИКАТА

*1.02 Прегледна научна статија*
УДК: 32:17]:321.7

Класичното разбирање на човекот како умно и политичко суштество, а на добриот живот како етички засновано и исправно живеење, како инововековното инсистирање на должноста и одговорноста, речиси се исчезнати, подзаборавени во државите кои денес претендираат да станат модерни (вклучително и ние) и во кои политиката често е израз на моќ и насилство, на војна и омраза, наспроти нејзиното основно значење како среден заеднички живот, како грижа за доброто на сите во заедницата. И покрај прокламираната слобода, автономија на умот и универзалните човековите права, во современиот свет сепак се дојде до состојба во која често власта, политиката, само декларативно се застапуваат за демократијата како основна политичка ориентација.[2]

Генерално земено, нема несогласување околу тоа дека демократијата е најдобра можна политичка и социјална идеологија, ориентација и политичка практика - кои значат слобода на личноста и на народите, еднаквост на луѓето, нивна независност во погледите за општеството, слобода на живеење, дејствување и на решавање на сите прашања, кои ја изразуваат вербата во умноста на човечките индивидуи добро да си ги определат целите и успешно да ја водат заедницата.[3] Но, факт е дека само ако делумно се искриви или ако се злоупотреби и злостави, демократијата може да продуцира многу болни ефекти.[4] Од друга страна, согласно способноста за развој на демократските институции и зголемената демократска свест, секое општество се повеќе се труди да стане општество управувано од граѓаните и јавното мислење - се оди со намера насекаде да завладее духот на демократијата, луѓето се стремат кон мир и соработка, да се зголемува разбирањето и толеранцијата, а на човековите права да се гледа како на најважен етичко-политички аспект на севкупните промени.

Ова говори дека треба да се обезбеди партиципација на еднаквите граѓаните во процесите на одлучување, со што ќе се создаде рамнотежа во општеството, а притоа ќе се зајакнува демократијата и ќе се промовира нејзино правилно функционирање. Без активна партиципација на граѓаните, пред се во политичкиот живот и во одлучувањето на сите нивоа, не можат да се остварат целите на рамноправност и на одржлив развој. Оттука, успешната демократија како форма на по-

[1] доц. д-р на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации по предметот;
[2] Lino Veljak, „Etičke i političke antinomije demokracije“, u zborniku *Demokracija i etika*, (ur.) Pavao Barišić, Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2005, str. 125.
[3] Kiril Temkov, *Etika za III godina gimnazisko obrazovanie*, Prosvetno delo, Skopje, 2004, str. 277.
[4] *The Role and the Task of NGO's in the 21st Century*, Speech delivered in the 50th Annual NGO/DPI Conference held in UN in 1997 <http://www.gcs-ngo.org/gcsenglish/data/speech/add-50.doc>.

литички односи значи успешно развиено граѓанско општество. Идејата е да постои еден свет каде сите учествуваат во јавното донесување на добрите одлуки, да се изгради заедничка визија за она што треба да значи исправно дејствување во сегашноста за подобра утрешнина:

Тоа е општество кое е организирано независно од државата и врз сопствена слободна волја, кое на заеднички начин ги прифаќа и се држи до демократските вредности, развива стабилен став кон државата и политиката, кое е свесно за сопствената сила и знае како да ги заштити сопствените интереси. Економските основи за граѓанското општество се регулираната пазарна економија и различните форми на сопственишство, а политичките основи се граѓанското учество во државата, како и во јавните работи. Логичка консеквенција на силното граѓанско општество е децентрализација на државната моќ, развој на силата во локалните власти, невладините организации и соработка меѓу луѓето.[5]

Токму затоа во остварувањето на овој идеал најпрво треба да се појде од анализата на односот меѓу етиката и политиката, т.е. треба да се појде од овие два поима кои денес се сфаќаат како одвоени, иако во својата суштина историски и составно се поврзани.[6] Очигледно, односот меѓу етиката и политиката - нивното разделување, како и игнорирањето на значењето на практичната философија, се само некои од причините за неуспех во напорот правилно да се демонстрира една исправна политика, чија цел ќе биде унапредување на животот, прогрес, постигнување на успех на сите полиња и напредување во сите елементи на животот. Рехабилитацијата на практичната философија од 30-тите години на минатиот век сакаше да покаже како може повторно да се вратиме кон успешната политика и заеднички живот.[7] За тоа е неопходно повикување и потпирање врз размислувањата и сознанијата на најголемите умови на човештвото, врз „татковците" на граѓанскиот морал, особено Аристотел:

Во превладувањето не само на воената состојба, туку и во развивањето на човечките права и во втемелувањето на слободниот живот во државата може да помогне рехабилитацијата на Аристотеловите битни сознанија за поврзаноста на политиката, етиката и пријателството, т.е. за начелната можност за втемелување на политичката заедница врз пријателството на слободните и еднакви, разумни и добри граѓани на државата. Неговите сознанија дека без пријателството нема да можат да постојат ниту останатите добродетели, дека етосот на добрите обичаи ги конституира и развива само разборитоста на живиот ум на чесните граѓани, како и останатите мисли за етиката, политиката и пријателството, се покажуваат како неодминливи денес, ако сакаме развивање на политичката култура и на слободата на сиот народ.[8]

Оттука, за надминување на состојбите во животот и политиката се бара во философско-политичко-етичкото разгледување да се постави прашањето не само за прокламирањето на универзалните човечки права и за слободниот разумски дискурс, туку и за етичкото втемелување на човековите слободи и права како на-

[5] *What is NGO?*,NVO Centres from Latvia, 20.01.2005<http://www. ngo.org.lv>.
[6] Slobodan Jauković, „O uzajamnosti politike i etike", u *ARHE*, godina 5, 10/2008, Filozofski fakultet, Odsek za filozofiju, Novi Sad, str. 66.
[7] Podetalno pogledni kaj Ivan Čehok i Ivan Čoprek, *Etika*, Školska knjiga, Zagreb, str. 145-156.
[8] Ante Pažanin, *Etika i politika*, Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2001, str. 36.





тамошно проширување на слободата на луѓето во државата согласно историскиот живот, за мирот како прва и највисока вредност на денешницата, за толеранцијата како важен етички метод во односите на луѓето.[9] Во тој контекст, денес се настојува да се прави обнова и развој на заедничкиот живот, на големите достигнувања, на правната државност, на човековите права, на слободата на индивидуите, на сите големи достигнувања на европската култура воопшто, и тоа на соодветен начин за овие да се претворат во нови форми на слободен живот како живот врз основа на слободниот ум. Тоа е она што се нарекува „пронаоѓање на политичкото".[10]

Во овој контекст, во нашата епоха, политиката повторно стана блиска со етиката (во поширок контекст). Тие нови промени и погледи за политиката поврзана со етиката доаѓаат од земјите со развиено и специфично демократско уредување. Факт е дека во денешниот свет во многу држави основната политичка ориентација е демократијата која се сфаќа како поим од граѓанскиот живот и етика и означува еднаквост на луѓето, нивна независност во погледите на општеството, нивна слобода на живеење, дејствување и на решање на сите прашања, па и на општествените. Демократија има само тогаш кога главна карактеристика на животот е она што му е својствено на човекот, она што прави луѓето да се разликуваат од животните, а цивилизираните од дивјаците. Такви својства се разумното однесување и моралната одговорност на единката за своите постапки...

Демократијата пошироко значи слобода на личноста и на народите, ја изразува вербата во умноста на човечките индивидуи добро да си ги определат целите и успешно да си ја водат заедницата, а значи и увереност во доброходноста на нивните намери во однос на другите индивидуи и на човештвото воопшто. Како што стои запишано од Абрахам Линколн - „Демократијата е власт од народот, со народот, за народот".

Во таа смисла, покрај основните вредности на денешниот општествено-политички ситем како што се Демократијата, Прогресот, Разбирањето меѓу луѓето, Етиката и Вистината, низа етички вредности станаа базични политички вредности и норми и тоа токму поради воспоставувањето на специфична моралност во политиката која значи грижа за народот, неповредување на етичките стандарди, правење напор за прогрес, како и планирање и овозможување на идниот развој.[11] Најважни од нив се: Мир, Слобода, Разбирање меѓу луѓето и народите, Соработка, Толеранција, Човекови права и слободи и слични индивидуални и социјални вредности.

Генерално, во секоја епоха постојат главни вредности кои доминираат во определбите на луѓето и кои се согледуваат во нивните чувства и постапувања. Меѓу основните социјални и политички вредности на денешницата најмногу се истакнува **Мирот**. Тоа е така затоа што современото човештво настапува наспроти милитантноста, тоталитаризмот и шовинизмот кои се најголеми извори на воените конфликти, притоа понудувајќи сознанија и визија на еден свет во кој ќе владее мир, во кој ќе се појави благоста, кроткоста на човекот и високата етика. Уште Херберт Спенсер тврдеше дека човекот се развива во суштество кое го сог-

[9] Jan Šapiro, *Moralni temelji politike*, Filip Višnjić, Beograd, 2008, str. 197.
[10] Ante Pažanin, op. cit., str. 242.
[11] Temkov, Kiril. *Etika za III godina*, Prosvetno delo, Skopje, 2004, str. 279.

ледува другото суштество и дека примарна социјална вредност станува солидарноста. Џон Стјуард Мил изрази уверување дека современото човештво доаѓа до таков стадиум што повеќе нема да има потреба од војна. Имануел Кант во своето дело „Вечен мир“ од 1795 година, посочуваше дека луѓето треба да разберат дека можат да живеат во мир, при што ја изложи идејата за траен мир во форма на спогодба и политичко обединување меѓу државите. Сублимирано, за ваквото инсистирање на вредноста на Мирот големо значење имаат негативните искуства на Првата и Втората светска војна и на другите војни во современата епоха. Во епохата на нуклеарното, биолошкото и хемиското оружје, како и на високоразвиените воени средства за далечен транспорт никој не е заштитен, заканата е упатена на сите.[12] Како резултат на ова, Мирот започна да се појавува како барање произлезено од тешкотиите на животот, од лошите страни на војната, но и како израз на политичките цели. Се дојде до сознанието дека Мирот овозможува да се обезбеди опстанок и развиток, достоен живот за сите и иднина за генерациите кои доаѓаат. Затоа денесмногу се инсистира на Мирот.

Но, за да нашата епоха стане цивилизација на Мирот, истиот треба да биде аксиолошки фундиран, т.е. да биде врв на вредносниот систем од кој што ќе се изведуваат останатите етички вредности и конкретни норми на севкупното однесување.[13] Мирот треба да се сака по себе и за себе, а не само како функционална вредност за да се достигнат и реализираат некои други цели. Овој императив најубаво го отсликува паролата на Ернст Блох во која се вели: Човек на човека му е човек! Идеалот треба да биде личноста-творец, наспроти личноста-воин. Треба да се брани градењето наспроти уништувањето. Генерално, тоа е филозофијата и етиката на мирот - пацифизам.[14] Истиот може да биде дел од поширокта хуманистичка философија, но често и како придружен елемент на големиот број религиозни традиции.[15] Се работи за философија која во својата апсолутна форма ги прогласува за безусловно погрешни сите форми на насилство, војна или убивање и која како идеал јапредлага социјалната заемност во одржувањето на врските која треба да биде комплетно ненасилна и миролјубива.[16] Градењето на мирот зависи од неактивирањето на конфликтните методи. Треба да се запре ескалацијата на судирите. Градењето мир е процес кој го олеснува воспоставувањето на издржливиот и долготраен мир и кој се обидува да го спречи враќањето на насилството преку посочување на основните причини и напори на конфликтите низ помирување, институционално градење, како и политичка и економска трансформација.[17] Затоа, активната етичка норма на мировното однесување е толеранцијата како слободно артикулирање на намерите на секого, градење трпеливост наспроти другите форми на животот и човечката свест. Притоа, дијалогот се препорачува како толерантна и активна комуникација меѓу луѓето низ артикулирање

[12] Ibid.,str. 284.
[13] Ibid.,str. 285.
[14] Термин поставен од Кант за да се изложи идејата за мирот.
[15] Особено во религиозна смисла, пацифизмот поаѓа од ставот дека животот е драгоцен и дека никој нема право да одземе некому нечиј живот.
[16] Alex Moseley, "Pacifism, "*Internet Encyclopedia of Philosophy*, <http://www.utm.edu/research/iep/p/pacifism.htm>.
[17] SAIS, The Conflict Management Toolkit: *Approaches - The Conflict Management Program*, Johns Hopkins University <http://www.cmtoolkit.sais-jhu.edu/>.





на своите и ислушување на туѓите ставови. Патот кон тоа води преку запознавање и разбирање на другите. Резултатот на заедничката активност е соработката и солидарноста во животот при разни дејства кои се цел воопшто на слободните и зрели добронамерни луѓе. Во оваа смисла, ако има Мир може да се гради свет на демократија и слобода, развиен и стабилен живот. Токму затоа, вредноста Мир ја истакнуваат и ООН во сите свои документи бидејќи оваа прва општосветска организации е направена со цел да се обезбеди и брани мирот. Имено, како што се потенцира во Преамбулата на Повелбата на ООН, истите првобитно беа основани да ги зачуваат генерациите кои доаѓаат од злото на војната.[18]

Генерализирано, етиката на мирот е израз на животниот морал на разумниот човек. Таа истовремено значи свртување и кон себеси и кон другите затоа што ги инспирира човековите чувства и добра волја. Во овој контекст, за Мирот се вели дека е вистинска доблодетел во која се обединети многу други вредности: *Љубовта*, како сила која човекот го отвора и го насочува кон другите луѓе и кон правењето добро; *Ненасилството*, како неповредување никого ниту со мисли, дела, намери или зборови; *Довербата* како увереност дека меѓу луѓето владее согласност и чесност; *Толеранцијата* како сфаќање на другиот во неговите разлики; *Достоинството*, како чувство за сопствената вредност и квалитет; но и *Човештината*, како идеални содржини на човечноста.

Меѓу базичните социјални и политички вредности на денешната епоха се вбројува и вредноста **Слобода**. За човекот слободата значи правење нешто без принуда, можност човекот сам да си ги насочува волјата и дејството; неограниченост, непринуденост, но истовремено и најголема вредност на човекот како суштество, цел на историскиот развиток и на индивидуалното постоење.[19] Преведено, слободата за човекот значи тој да е автономен, сам себе да си е „законодавец“, самиот да си ги определува постапките, зафатите, брзината, смислата на замислите и на акциите, да има визија за добрината и за последиците од дејствата, да си се смести во светот како самостојна и одговорна личност, но и, согласно Мил, сам да си го постави животното прашање на иднината. Во тој контекст, слободата бара човекот да се крене над природните тежости и над ограничените социјални пранги. Во овој контекст, слободата не може да се спушти до луѓето, туку луѓето мора да се воздигнат до неа. Тоа е благодет која најнапред треба да се заслужи за потоа да се ужива во неа.

Едновремено, човештвото сфати дека периодот од 3000 години е добра илустрација дека лошото само со лошо враќа и дека на тој начин не е можен развој. Ова говори дека доколку човештвото во генерални рамки не се освести и не преземе активни чекори кон разрешување на проблемите, тогаш нужно запаѓа во ескапизам и пропаст. Затоа ни е потребно застапување на добри вредности, нивно унапредување и имплементација во вид на концепции на нашето дејствување. Но, далеку поефикасно ќе се истакнеме во актот доколку делуваме здружени во напорите, преку еден вид на **Соработка** и **Разбирање** меѓу себе. Станува збор за заедничкото работење, делењето на идеите, дејствувањето и на резултатите од работењето. Денес безусловна задача на човекот стана правењето добро на дру-

[18] За оваа цел ООН во својата Повелба воспоставија механизми за зачувување на мирот иако истите мировни операции не беа развиени се до1950-тите години.
[19] Кирил Темков, Етички речник, Просветно дело, Скопје, 2004, стр. 134.

гите и нивно неповредување, како и свртеноста кон другите и нивно помагање. Сето ова е можно преку основната концепција на меѓусебна соработка и разбирање меѓу сите луѓе. Тоа говори дека луѓето, полека но сигурно, учат дека опстанокот зависи од заедничките напори во дејствувањето и разрешувањето на проблемите, дека тие мораат да соработуваат во заедничката борба за живот. Потврда за тоа е дека човекот е суштество на групата, живее со други луѓе и опстанокот не го замислува без нив. Затоа треба да се има сообразни морални цели и дејства, секој за секого да води сметка. Кај нас постои изреката: „Се бидува со луѓе"! Со други зборови, никој не е изолиран остров, туку постои една универзална поврзаност меѓу луѓето. Тоа најубаво го прикажа англискиот филозоф и поет Џон Дан преку една мисла врз која подоцна Ернест Хемингвеј го гради делото *За кого бијат камбаните*. Сите луѓе мора да се зближат, разберат, помагаат и соработуваат. Тоа е една од најважните норми на денешниот општ морал. Притоа, нормата на соработка меѓу луѓето ја изразува потребата од меѓусебно поврзување во разрешувањето на проблемите. Најдобра илустрација наоѓаме во иницијативата на Мондијалого од 2003 година за интеркултурен дијалог, соработка и размена. Се работи за еден нов јавен и приватен проект, резултат од партнерството меѓу УНЕСКО[20] и Дајмлер & Крајслер[21] кој го покажува она што ги придвижува луѓето – дијалогот, размената, разбирањето и соработката меѓу културите како услов за мирољубива иднина. Се што правиме и сме е резултат на влијанието и обликот на взаемно дејствување меѓу културите. Како ќе изгледа нашата иднина, ќе зависи од пресудниот степен, опсег на заеднички живот, комуникација и соработка на различните култури на оваа планета. Модерните информативни технологии и зголемената мобилност ги зближуваат луѓето се повеќе и повеќе еден кон друг. Предизвикот е јасен: Без соработка меѓу културите нема напредок![22] Притоа се смета дека интеркултуралниот дијалог и соработка меѓу цивилизациите е од голема важност како извор на размена, инспирација, обнова и креативност. Овој конструктивен дијалог и соработка со другите култури, води кон заедничко разбирање, почит и толеранција, а оттука овозможува важна основа мирољубиво коегзистирање на луѓето. Интеркултуралниот дијалог и соработка ја формира основата за меѓусебно разбирање, почит, и над се, толеранција. Накратко, за заедничко живеење.

[20] Едукативната, научна и културна организација на ООН (УНЕСКО) е специјализирана агенција од ООН системот. Главната цел на организацијата е да допринесе за мирот и безбедноста преку промовирање на соработката меѓу нациите низ едукација, наука и култура за да го унапреди универзалниот респект за правдина, за правилото на законот и за човековите права и фундаменталните слободи (чл. 1 од УНЕСКО Статутот). УНЕСКО ги врши сопствените акции низ пет програмски сектори: едукација, природни науки, социјални и хумани науки, култура и комуникации и информација. Организацијата е сместена во Париз со преку 50 канцеларии и неколку институти и центри низ светот. Формирана 1946 досега има 190 членки.

[21] Дајмлер & Крајслер е автомобилска компанија со операции ширум светот.Компанијата се гледа себеси како активен дел од светската заедница и чувствува одговорност во помагањето да се обликуваат процесите на глобализација така да му помага секому - без оглед каде луѓето живеат. Работи со речиси 365.000 вработени од различно потекло во повеќе од 200 земји и гледишта, промовирајќи интеркултурален дијалог и соработка како суштински дел од својата социјална одговорност. Поради овие себе наметнати обврски околу социјалната одговорност, Дајмлер & Крајслер поддржуваат социјални, хуманитарни, културни, еколошки и научни проекти ширум светот.

[22] Поопширно погледни на <http://www.mondialogo.org.>





Во денешната епоха еден од посакуваните односи и стремежи на човештвото е трпеливоста. Затоа нашата епоха може да се нарече ера на **Толеранцијата.**[23] Таа учи: живеј и пушти ги другите да живеат! Затоа таа е вистински етички модел на однесување. „Толеранцијата претставува почитување, прифаќање и правилно оценување на богатството на културите на нашиот свет, на нашиот начин на изразување и на начините како ја пројавуваме нашата суштност како човечки суштества... Толеранцијата е хармонија во различноста. Таа не е само етичка должност; таа истовремено е и политичка и правна неопходност.[24] Толеранцијата е вредност која го прави мирот можен и која придонесува еден свет на војната да се замени со култура на мирот".[25] За толеранцијата најсублимирано се говори преку примерот на најзначајниот политичар на минатиот век - Махатма Ганди, кој стариот индсиски принцип (ахимса) го постави во основата на борабата за ослободување на Индијците. Тој го афирмираше ненасилниот дух на човекот велејќи дека тоа е насоката кон која човекот во својата историја напредувал - од човекојадец до денешниот облик на човекот. Познати се неговите зборови дека ненасилството не е потребно да се учи. Како животинско суштество, човекот е насилен, додека како дух тој е ненасилен. Од часот кога духот се разбудил во човековата внатрешност, човекот повеќе не може да биде насилен. Тој или напредува кон ненасилство или паѓа во бездната на својата сопствена пропаст.

Денес, во современиот свет се негува и развива една идеја според која поврзувањето им е потребно на сите - тоа е патот по кој треба да се оди. На тој пат треба да се почитуваме и помагаме, разбираме и соработуваме - можеме да живееме и дејствуваме заедно ако меѓусебно си ги почитуваме **основните права и слободи**. Притоа, полагањето голема надеж во човековите права првично се бара во нивната философска, а особено етичка основа, а дури потоа во нивното признавање внатре правниот систем или меѓународното право. Се дојде до сознанието дека нивните философско-етички основи произлегуваат од фактот што истите се однесуваат на целиот човечки род, од напорот за надминување на разликите кои постојат меѓу луѓето на културен, социјален и економски план, а потоа на нивната загарантираност со меѓународното право за човековите права. Преведено, во човековите права е содржано највредното за човекот - вроденото достоинство - опстојба и суштина на човекот.[26] Човечкото достоинство е основна вредност која припаѓа на човекот како човек. Затоа достоинството не е никаква заслуга, ниту резултат на нашите напори, туку напросто ни припаѓа заедно со човечкиот - карактер, природа. Оттука, никој не може да ни го земе, ниту пак ние смееме од - него да се одречеме. Достоинството значи величественост и возвишеност на човечката личност во себе и претставува извор на нејзиниот углед и достојност во однос спрема околината. Како такво достоинството е темел на сите човечки права и должности. Ова чувство за сопствената вредност зборува за важноста на личноста и индивидуалноста.[27] Се работи за морален принцип според кој човекот не е средство, туку цел, сама по себе, на човековото постоење и морално деј-

[23] Viktorija Kamps, *Javne vrline*, Filip Višnjić, Beograd, 2007, str. 63.

[24] Čedomir Čupić, *Politika i odgovornost*, Udruženje za političke nauke Srbije, Beograd, 2010, str. 71.

[25] Declaration for the principles of tolerance by OON, www.unesco.org/webworld/peace_libraryUNESCO/HRIGHTS/124-129.htm

[26] Универзална декларација, чл.1, став 1, <http://www.mhc.org.mk>

[27] Како што има искажано Максим Горки – Човек колку гордо тоа звучи!

ствување. Едновремено, човековото достоинство ја раѓа идејата за еднаквост, а со тоа и идејата за слобода на личноста. Тоа потврдува дека денес во човековите права е содржана и слободарската идеја на современиот свет - слободата како единствена достоинствена форма на човековиот живот, а луѓето како нужно слободни суштества. Во таа смисла, правата на човекот се во контекст на реализација на идејата според која луѓето се поврзуваа во братска заедница на свесни и рамноправни личности. Тоа говори дека во човековите права се содржани благородните идеи за доброто на луѓето, основните работи на кои се темели развојот кон подобро, како и на потребата сите сили на добрите луѓе на светот да се сплотат при изградба на човештво во кое луѓето ќе бидат слободни и ќе имаат широки права - подобрата визија за утрешнината. Токму во тоа се одгледа нивната суштина и смисла денес и во иднина.

Заклучно, поради овие фактори правата на човекот не се само филозофска идеја, туку и правна, етичка, политичка и конкретна основа на животната реалност на современиот човек. Правата ја имаат филозофско-етичката основа за ослободувањето и облагородувањето на човековиот живот, на унапредувањето на неговите сфаќања и постапувања. Затоа се вели дека развивањето на човековите права всушност претставува изградба на нова етика и политика на човештвото.

Едновремено, човековите права како суштествен дел на човековата опстојба и дејствување, како основа за слободата на човекот, значат и шанса за еден нов вид на активизам.[28] Се осозна дека почитувањето, развивањето и унапредувањето на своите права и слободи човекот може да го постигне преку правењето добри дела, преку нивно почитување и интенција да во иднина постапува така што ќе го зазема правиот пат во животот, прифаќајќи и реализирајќи вистински вредности. Оттука, се вели дека човековите права претставува најважен предуслов за остварување на идеите за слободата, мирот и правдата по пат на создавање на услови и атмосфера на толеранција и меѓусебно разбирање, особено преку остварувањето на идејата за еднаквост преку меѓусебно почитување на разликите. Затоа, нивната заштита е есенцијална за одржливо постигнување на трите договорени глобални приоритети: мир, развој и демократија.[29] Со други зборови, етичката димензија на човечките права бара нивно политичко признавање и правна заштита, како би можеле да се реализираат во секоја конкретна историска ситуација.

* * *

Историски, политиката не била секогаш лошо етички оценувана. Иако во нововековната филозофија обично подбивно се говори политиката, за моралноста на политичарите само поради тоа што оваа практика е валкана, денес како и во другите елементи и области на животот, и во политиката има големи промени пред се во самите идеи, вредности, норми и методи.[30] Фактографски, насекаде е завладеан духот на демократијата како најраширена форма на политичките одно-

[28] Miomir Matulović, *Ljudska prava*, Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 1996, str. 256.
[29] Human Rights Today: *A United Nations Priority*, The United Nations, 2000 <http://www.un.org/rights/HRToday>.
[30] Кирил Нешев, *Политическа етика*, СОФИ-Р, София, 1997, стр.268.





си, а луѓето се стремат кон мирот (како прва и највисока вредност на денешницата) и соработката, се зголемува разбирањето и толернацијата (како важен етички метод во односите меѓу луѓето), а човековите права се најважен етичко-политички аспект на тие промени во смисла на натамошно проширување на слободата на луѓето. Во таа смисла, иако во политиката нема еднозначно определен модел за спроведување на власта, нужно е сите режими да бидат демократски, т.е. да ја почитуваат слободата на секого, да не владеат со насилство, да имаат самосвест дека власта е од народот и да почитуваат дека политичките институции постојат за доброто на луѓето и на сите луѓе. Истото е можно само преку изградба и почитување на претходно споменатите етички вредности во рамките на политиката, т.е. нејзината практика, со што духот на човештвото повторно ќе се возобнови и врати на вистинската патека на развој. Подобрувањето на квалитетот на сечиј живот зависи токму од повторното поврзување на политиката со етиката, а особено (во аристотелова смисла) од напорите за возобнување на моделот на „ојкос" како единство на етиката, политиката, економијата и екологијата како успешно водење на домаќинлукот.

Само и само во оваа смисла може да се говори за етиката во политика како за нешто што е повеќе од евидентно, како нешто што е насушно и повеќе од потребно во воспоставувањето на добри предуслови за поквалитетно живеење на секого,[31] а не во смисла на неспоивост меѓу политиката и етиката, што генерално води во цивилизациски амбис и бришење на гентот кој не диференцира како умни, разумни суштества обдарени со ум и логос.

## Апстракт:


If we want to make a right choise about the dillema - does political ethics is reality or it is just an oximoron, we must make a summary on the new moral values in politics, must make an observation of the new ethical axiology in politics. First of all, we have to start from the analysis on the connection between ethics and politics today, because they, after a long period of separation, are observing again in common relation cause their essence is historically and substantially connected.

The basic form of connection between politics and ethics we find since Antique in Plato and Aristotle's work, in their practical philosophy, where beside ethics, there are politics and economy. There we find the grounding on the ideal of "oikos" as an ideal of good common living. The breakdown of the faith, which overtook the connection between ethics and politics, generally the practical philosophy, is breakdown that overtook the whole society and history. This especially is applying on new era and the beginning of the contemporary world in which, from Hobbs till today, the connection between ethics and politics is questioned. The rehabilitation of the practical philosophy from 1930 wanted to show how can we return toward successful politics and common life. From here, if we want to outrival the situations in life and politics, we have to set up again the philosophical-political-ethical question for the new ethical values in politics.


[31] Nikola Skledar, „Politika, demokracija i etika", u zborniku *Demokracija i etika*, (ur.) Pavao Barišić, Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2005, str. 141.

Besides basic values of today's social-political system, like Democracy, Progress, Understanding between people, Ethics and Truth, a big number of ethical values became basic political values and norms cause of the reviving on specific morality in politics which means care for the people, unviolation of ethical standards, making efforts for progress, as well as managing the future develop. Between them, the most important are: Peace, Corporation, Understanding between the people and nations, Tolerance, Human rights, as well as the concept of Freedom.

Can this new ethical axiology confirms the fact about political ethics as a reality or as an oximoron!?

## ЛИТЕРАТУРА


1. Barišić, Pavao, (ur.), *Demokracija i etika*. Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2005.
2. Jauković, Slobodan. „O uzajamnosti politike i etike", u *ARHE*, godina 5, 10/2008, Filozofski fakultet, Odsek za filozofiju, Novi Sad.
3. Kamps, Viktorija. *Javne vrline*. Filip Višnjić, Beograd, 2007.
4. Matulović, Miomir. *Ljudska prava*. Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 1996.
5. Нешев, Кирил. *Политическа етика*. СОФИ-Р, Софија, 1997,
6. Pažanin, Ante. *Etika i politika*. Hrvatsko filozofsko društvo, Zagreb, 2001.
7. Темков, Кирил. *Етички речник*. Просветно дело, Скопје, 2004.
8. Темков, Кирил. *Етика за III година гимназиско образование*. Просветно дело, Скопје, 2004.
9. Thompson, Dennis F. *Political ethics and public office*. Harvard University Press, Massachusetts, 1987.
10. Šapiro, Jan. *Moralni temelji politike*. Filip Višnjić, Beograd, 2008.
11. Čehok, Ivan & Ivan Coprek.*Etika*. Školska knjiga, Zagreb.
12. Čupić, Čedomir. *Politika i odgovornost*. Udruženje za političke nauke Srbije, Beograd, 2010,
13. *The Role and the Task of NGO's in the 21st Century*, Speech delivered in the 50th Annual NGO/DPI Conference held in UN in 1997 <http://www.gcs-ngo.org/gcsenglish/data/speech/add-50.doc>.
14. *What is NGO?*, NVO Centres from Latvia, 20.01.2005 <http://www.ngo.org.lv>.
15. Human Rights Today: *A United Nations Priority*, The United Nations, 2000 <http://www.un.org/rights/HRToday>
16. Alex Moseley, "Pacifism, " *Internet Encyclopedia of Philosophy*, <http://www.utm.edu/research/iep/p/pacifism.htm>.
17. SAIS, The Conflict Management Toolkit: *Approaches - The Conflict Management Program*, Johns Hopkins University <http://www.cmtoolkit.sais-jhu.edu/>.
18. Declaration for the principles of tolerance by OON, www.unesco.org/webworld/peace_libraryUNESCO/HRIGHTS/124-129.htm
19. http://www.mondialogo.org.
20. http://www.mhc.org.mk.






**доц. д-р Ненад Марковиќ**[1]

# ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО НИЗ ПРИЗМАТА НА ХРИСТИЈАНСТВОТО

*1.01 Изворна научна статија*
УДК: 316.323.64/.7:27

**Вовед**

Секоја од трите големи монотеистички религии има свое специфично сфаќање за цивилното општество како низ призма на историскиот развој на овој концепт така и во неговите современи форми. Сепак, модерното поимање на цивилното општество во западната политичка мисла во најголема мера влече свои корени од христијанството и неговата специфична визура за цивилното општество. Токму христијанскиот поглед на цивилното општество овозможил да се оформат специфични општествени зони, институции и практики кои и денес ја сочинуваат сржта на современиот поим на цивилното општество.

Истражувањето на историската генеза на поимот цивилно општество низ призмата на христијанството, но и испитувањето на неговите современи форми и придонес кон дебатата за него од страна на современите христијански авторитети овозможува да се даде одговор на основното прашање – како христијанството историски гледа на цивилното општество и каков е придонесот на христијанството во дебатата за цивилното општество во однос на создавање на неговите современи специфики. Оттука и хипотезата на овој труд дека токму христијанската перцепција на цивилното општество послужила како основа за формирање на современите претпоставки на цивилното општество во денешната западна политолошка мисла, не негирајќи дека концептот на цивилното општество во меѓувреме стекнал предоминантно секуларно значење.

Со цел да се испитаат сите релевантни димензии на релација цивилно општество – христијанска општествена мисла, најдобро е да се почне со утврдување на специфичното место на Црквата во цивилното општество или подобро речено, во однос на него. Релевантни за анализа се и разликите кои постојат во сфаќањето за цивилното општество помеѓу католицизмот и протестантизмот, но и односот на христијанството кон државата и пазарната сфера како двата најважни дела на социеталниот организам покрај цивилното општество. Дополнително светло за важноста на христијанската мисла кон елементарните одредници на цивилното општество фрлаат и концептите на автономија, партиципација и субсидијарност, кои претставуваат основни специфики на современото сфаќање на цивилното општество, а свој извор имаат токму во христијанската мисла. Конечно,

[1] Политички студии, Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.